Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-188/7
________ година

09-05-2025

Постапувајќи по претставката бр. 08-188/1 од 6.2.2025 година, поднесена од д , со адреса на ул. , против и вработени во АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија"-Скопје, ЦРПС Подружница Велес, за сторена дискриминација врз основа на расна и етничка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на расна и етничка припадност во областа на работата и работните односи сторена од страна на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија"-Скопје, ЦРПС Подружница Велес во својство на правно лице и , директорка на АД „Пошта на Северна Македонија"-Скопје, ЦРПС Подружница Велес и , контролор на достава во АД „Пошта на Северна Македонија"-Скопје, ЦРПС Подружница Велес, во својство на физички лица, кон

## Образложение

На ден 6.2.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на од Велес против , директорка на АД „Пошта на Северна Македонија"-Скопје, ЦРПС Подружница Велес и контролор на достава во АД „Пошта на Северна Македонија"-Скопје, ЦРПС Подружница Велес, за сторена дискриминација врз основа на расна и етничка припадност во областа на работата и работните односи.

Во претставката се наведува дека подносителот, без никаква политичка активност, во периодот од 19.7.2023 до 31.12.2024 година бил хонорарно ангажиран како пошторазнесувач во Пошта на Северна Македонија-Подружница Велес преку склучување на договор за услуги. Во тој период институцијата се наоѓала во тешка состојба, без работен кадар за пошторазнесувачи, а заедно со него со договор за услуги биле ангажирани уште десетмина лица. Подносителот наведува дека тој, заедно со уште едно лице од ромска етничка припадност со кого биле ангажирани во истиот период, често биле изложени на дискриминација од страна на вработените контролори, постари вработени, на начин што му давале задачи кои биле понижувачки и не биле никако поврзани со неговата работа. Постојано се споменувала националната и верската припадност, а другиот колега бил често исмејуван заради неговото образование и социјален статус преку разни анегдоти од типот „Не знаеш да броиш, не знаеш да читаш" кои предизвикувале и исмевање пред останатите.

Подносителот тврди дека своите задачи кои му биле давани до крај ги извршувал максимално одговорно, и покрај тоа што бил изложен на дискриминација. Дискриминацијата растела сè повеќе кон крајот на 2024 година, со што и тој почнал повеќе да реагира кон постарите вработени и контролорот, кои се од македонска националност.

По година ипол непрекинато работење, на ден 31.12.2024 година, му било кажано дека сите други (кои се од македонска националност) добиле договор за работа, единствено немало договор за него. Контролорот и директорката усно му кажале дека нема потреба повеќе да доаѓа на работа, без никакво објаснување. Притоа, на неговото место како пошторазнесувач бил ангажиран пензионер, исто така од македонска националност. Другиот пошторазнесувач од ромска етничка припадност бил поисплашен за неговиот статус, па затоа и бил исплашен да реагира на дискриминацијата и поради тоа на него му бил продолжен договорот за услуги, но ни тој не добил договор за работа.
Подносителот одговорно тврди дека низ текот на целиот работен процес од 19.7.2023 до 31.12.2024 година работата ја извршувал најпрофесионално можно, без никакви грешки и граѓаните кај кои доставувал биле задоволни од навремената услуга. Смета дека сето тоа на администрацијата во Пошта Велес не им се допаѓало бидејќи во иднина можел да напредува како Ром во институцијата.
Последно истакнува дека поради непродолжувањето на договорот за услуги, тој и неговата фамилија останале без приходи, па бара да се врати на своето работно место и да биде еднакво почитуван, а не дискриминиран поради тоа што е Ром.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 17.2.2025 година испрати Известување бр. 08-188/2 за произнесување по наводите од претставката до

На ден 20.2.2025 година подносителот достави нова претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, заведена под арх. бр. 08-238/1, во која изнесува дополнителни наводи во однос на првичното тврдење за сторена дискриминација и дополнително доставува докази. Заради целисходност во водењето на постапката и преземање на соодветни процесни дејствија согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата донесе Заклучок бр. 08-238/2 од 7.3.2025 година со кој ги спои предметните претставки во една постапка за заштита од дискриминација со број на предмет 08-188.

Во своето дополнување подносителот истакнува дека додека бил ангажиран како пошторазнесувач, бил постојано изложен на исмевање преку фрази како што се „циганска работа" или „чергарски финти", кои иако не биле насочени директно кон него, тој ги чувствувал индиректно и ги смета за некоректни. Дополнително наведува дека во периодот кога имало топлотен бран во 2024 година и кога Министерството за здравство препорачувало да не се биде надвор подолго во периодот од 11-17 часот во текот на денот, тој сепак бил приморан да извршува дополнителни обврски, иако навремено ги извршувал сите негови работни задачи. Тогаш добивал и понижувачки и омаловажувачки зборови од контролорот.
На ден 17.10.2024 година контролорот му дал задача да оди во третиот реон бидејќи немало работник за тој реон, иако неговиот реон бил единаесетти. Сепак тој не ја одбил задачата, иако имал здравствени проблеми констатирани од специјалист за уво, нос и грло, бидејќи сакал луѓето да бидат навремено услужени.
На ден 18.10.2024 година контролорот повторно му се обраќал на деградирачки начин, од за него непознати причини, иако неговата работа во делот на носење пошта била завршена. Од него било побарано да извршува и други административни работи кои не биле наведени во неговиот договор. Истиот ден, во просторијата наменета за вработените поштари, вработена во административниот дел заедно со контролорот почнале да го понижуваат и иако извештајот од лекар специјалист бил претходно доставен до нив, во тој момент таа го стуткала и фрлила, велејќи дека неа тоа не ја интересира. Подносителот се почувствувал повреден и понижен бидејќи од првиот ден на работа во 2023 година имал најголема редовност и не искористил ниту еден ден за одмор.

Во рамки на дополнувањето тој посочува на уште еден настан кој се случил на средината на месец декември 2024 година. Имено, при пристигнување на работното место, од страна на контролорот му било укажано дека неговиот 11ти реон, како и сите други реони во градот, ќе биде проширен, а проширениот дел ќе ја зафаќа индустриската зона во Велес. При разговор со други вработени му било кажано дека тој реон е најголем од сите и дека го работеле со превозно средство (автомобил), додека пак од него било побарано да оди без превозно средство. Сепак, тој не ја одбил задачата и отишол заедно со уште еден поштар со автомобил за да може тој да му го покаже реонот во индустриската зона. По извршениот увид на проширениот реон во индустриската зона, на одговорните лица им укажал за неговата обврска од член 3 став 6 од Договорот за услуги, која предвидува тој да ја известува поштенската единица за сите настани и промени на доставниот реон што влијаат на подобрување на квалитетот на доставата. Со ова тој сакал да укаже дека реонот е со лоша инфраструктура и не е изводливо да се разнесува пошта без моторно возило, како и дека многу од објектите не се обележани со број и адреса, а на многу улици им биле сменети и имињата. При разговор со странки од тој реон, и тие самите укажале на тоа дека имињата на улиците биле сменети. Покрај ова укажал и на небезбедноста на тој реон предизвикана од глутници на бездомни кучиња. Со присуство на директорката, тој се упатил кон канцеларијата на контролорот, при што му кажал дека неговиот договор не гласи така. Разговорот се одвивал по мирен пат, без никаква тензија, при што контролорот му рекол: „ доволно време си тука, веќе ја имаш научено добро работата, откако ќе почне новиот анекс после 31ви, односно од 1.1.2025, голема е веројатноста да добиеш договор на неопределено време. Јас и ти можеби некогаш имаме недоразбирања, но тоа секогаш било за добробит на работата, никогаш за нашиот приватен живот". Ваквиот разговор тој го сфатил охрабрувачки.

На првиот работен ден во новата година, атмосферата била смирена и сите коректно си ги честитале празниците. На ден 3.1.2025 година продолжил со работа, без да си го знае работниот статус. Продолжил да работи до 10.1.2025 година без никаков потпишан договор. Задачите во тој период ги извршувал редовно и навремено, вклучувајќи го и проширениот реон на индустриската зона. При разговор го прашал контролорот во неговата канцеларија каков е неговиот статус и зошто уште нема никаков договор, односно нов анекс за потпишување, при што со доза ароганција бил упатен да се консултира со администрацијата. Потоа прашал вработена од администрација каква е состојбата, која на смирен начин му одговорила дека се чека и дека не би требало да има никаков проблем бидејќи досегашната работа била коректно извршувана и така и ќе продолжи. Со ваквиот одговор тој се осигурил дека договорот ќе му биде продолжен.

На ден 10.1.2025 година, петок, откако ги завршил сите работни задачи, при негово враќање на работното место, сите т.н. договорци се упатиле во канцелариите на директорката за да си го потпишат новиот анекс, при што и тој тргнал со нив. Во тој момент директорката била во ходникот и усно го известила дека неговиот договор не е продолжен, без да му даде било какво образложение. По неколку минути во ходникот стасал и контролорот, кој едноставно му кажал дека така одлучиле, нема договор за него и од понеделник нема потреба повеќе да се појавува. На ден 14.1.2025 година, во 8 часот наутро, добил повик од администрацијата на Поштата дека треба да отиде таму и да потпише нешто, без да му биде кажано што е тоа. Тој им укажал дека е болен, за што имал извештај од матичниот лекар. Истиот ден околу 13 часот повторно добил повик за да отиде и да потпише нешто, но повторно не му било кажано за што станува збор. Ист повик добил и на 16.1.2025 година и на деновите по тоа. Му било кажано дека без да потпише, нема да може да му извршат исплата за деновите кои ги одработел. Напоменува дека без негов потпис не може да се исплатат двајца, тој и уште еден поштар, но вториот во рок од една недела бил повторно

вратен на своето работно место. Со ова, тој бил единствениот кој останал без работа. Повторно истакнува дека по неколку дена, на неговото место бил ангажиран пензионер.

<u>Во прилог на претставката беа доставени следните докази</u>:

1. Лекарски извештај од ПЗУ , з на 18.10.2024 година
2. Барање за инспекциски надзор поради повреда на права од работен однос до Државен инспекторат за труд- ПЕ Велес
3. Договор за услуги- Договорен пошторазнесувач арх. бр. 0402-3/361 од 18.7.2023 година
4. Анекс бр. 1 кон Договорот за услуги- Договорен пошторазнесувач број 0402-3/361 од 18.7.2023 година, арх. бр. 0402-3/602 од 27.12.2023 година
5. Анекс бр. 2 кон Договорот за услуги- Договорен пошторазнесувач број 0402-3/361 од 18.7.2023 година, арх. бр. 0402-3/140 од 18.6.2024 година
6. Извадок од објавена вест за штрајк на вработените во Македонски Пошти
7. Лекарски извештај од ЈЗУ Општа болница- Велес од 7.2.2025 година
8. Допис до градоначалникот на Општина Велес, Марко Колев, од 14.2.2025 година
9. Известување/потврда од Синдикат на полиција во Македонија за уредно, професионално и навремено извршување на работите како поштар, ев.бр. 18-48 од 11.2.2025 година
10. Препорака за извршување професионални должности од ООУ „Васил Главинов"-Велес, бр. 03-66/1 од 12.2.2025 година
11. Потврда од ОЈУДГ „Димче Мирчев"- Велес, бр. 03-112/1 од 11.2.2025 година
12. Потврда за статус на осигурено лице за , од Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Подрачна служба Велес, бр. 18-15/4 од 11.2.2025 година
13. Потврда за статус на осигурено лице за од Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, Подрачна служба Велес, бр. 18-15/5 од 11.2.2025 година
14. Потврда од Агенција за вработување на Република Северна Македонија број 2656856 од 10.2.2025 година.

На ден 5.3.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на и како одговор на претставката, заведен во Комисијата под бр. 08-188/3.

Во одговорот се наведува дека со АД „Пошта на Северна Македонија"- Скопје имал склучено Договор за услуги-договорен пошторазнесувач, кој договор бил од времен карактер и со важност до 31.12.2024 година. Наведуваат дека по истекот на времето за кое се склучени тие договори, истите престануваат да важат и во зависност од потребите може да се продолжат со анекс или пак да се склучат исти такви договори со други лица. Информираат дека претходните договори истекле на 31.12.2024 година, по што на дел од лицата со кои биле склучени им се продолжиле со анекс, а на дел не. Напоменуваат дека оние на кои не им биле продолжени договорите не биле бирани по некоја припадност, туку според квалитетот на извршените услуги кои биле предмет на договорите. Истовремено со не бил продолжен и договор склучен со лице од македонска етничка припадност.

Исто така напоменуваат дека за времетраењето на договорот со немало никаква дискриминација од ничија страна, тој за неговите услуги бил редовно исплаќан во исто време со останатите ангажирани договорни пошторазнесувачи и му била исплаќана полна, односно еднаква сума како и на останатите. Негираат дека бил вршен притисок врз него, туку единствено биле давани укажувања за правилно вршење на услугите

кои требал да ги извршува, а истото укажување го добивал секој вработен или ангажиран договорен поштпразнесувач.

Во однос на квалитетот на извршување на услугите, наведуваат дека тој не го почитувал кодексот на однесување, одбивал да ја носи работната униформа, не ги доставувал пратките лично до корисниците туку на првиот сретнат сосед од зградата за да избегне качување по скали и доставата на писма по институции ја вршел ненавремено и по кратки пантолони. Тврдат дека доколку не го правел сето горенаведено, односно квалитетно ги извршувал услугите, договорот ќе му бил продолжен.

Последно истакнуваат дека вработените во АД „Пошта на Северна Македонија"-Скопје, Подружница ЦРПС Велес се припадници на различни етникуми и религии и ниту еден не бил дискриминиран по ниту еден основ, па така ниту а крајната цел била квалитетно извршување на работните задачи за кој извршителот добива соодветен надомест.

Со цел правилно утврдување на фактичката состојба, Комисијата на ден 11.3.2025 година Испрати Барање за информации бр. 08-188/4 до АД „Пошта на Северна Македонија"-Подружница ЦРПС Велес, со кое побара да биде доставена информација колку од вкупниот број на вработени (во бројка и процентуално) во АД „Пошта на Северна Македонија"-Подружница ЦРПС Велес се Роми.
Дополнително, бидејќи во произнесувањето беа изнесени наводи за неквалитетно извршување на услугите договорени во договорот склучен со , Комисијата побара да бидат доставени релевантни докази за истото, како и информација дали и на кој начин му било укажувано за тоа (писмени опомени и сл.).

На ден 24.3.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Одговор на Барањето за информации од страна на директорката на АД „Пошта на Северна Македонија"-Подружница ЦРПС Велес, заведен во Комисијата под бр. 08-188/5.

Директорката во одговорот информира дека во Подружница ЦРПС Велес нема ниту еден редовно вработен кој е од ромска припадност, од причина што во изминатите години на јавно објавени огласи за редовно вработување организирани од АД „Пошта на Северна Македонија"- Скопје се нема пријавено ниту еден кандидат од ромска националност. Ангажиран со Договор за услуги-договорен пошторазнесувач, кој во моментов има важечки договор, е едно лице од ромска припадност- .

Известува дека претходно имало и други роми кои биле ангажирани со договор за услуги и на кои подоцна им биле раскинати договорите врз основа на нивно лично барање, поради наоѓање на поисплатлива работа. Дел од тие лица биле , кој склучил договор на 1.11.2023 година, , кој склучил договор на 1.2.2024 година, кој склучил договор на 1.12.2023 година и .

Во однос на наводното неквалитетно извршување на услугите, директорката наведува дека не бил писмено опоменуван поради тоа што и не бил редовно вработен, но неколку пати од страна на контролорот на достава и непосредниот раководител на поштенски сообраќај за Подружница ЦРПС Велес- му било укажувано да се поправи. Овие укажувања биле како резултат на поплаките од физички лица- корисници на поштенски услуги и реакцијата на претставници на ООУ „Васил Главинов" од Велес.

На ден 2.4.2025 година подносителот на претставката изврши дополнување на начин што достави дополнителни докази, заведени под бр. 08-188/6, меѓу кои: фотографии од негов разговор со поранешниот амбасадор на Европската Унија во државата-Дејвид Гир; Преглед на регистрирани податоци во матична евиденција од Фондот на пензиското и инвалидското

осигурување на Северна Македонија; Барање до ООУ „Св. Кирил и Методиј"- Велес; Известување од -Државен инспектор за труд при ДИТ ПЕ Велес до ; Барање до Јавна Установа Меѓуопштински Центар за Социјална Работа Велес; Известување од Јавна Установа Меѓуопштински Центар за Социјална Работа Велес до ; Изводоци од текстот на проектите „Интеграција на Ромите – Фаза III" на Европската Унија и Советот на Европа и „Ромски информативни центри".

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по истата, доставените информации и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

Подносителот на претставката, лице од ромска етничка припадност, бил хонорарно ангажиран како пошторазнесувач во АД „Пошта на Северна Македонија"-Скопје, ЦРПС Подружница Велес во периодот од 19.7.2023 до 31.12.2024 година, преку склучување на Договор за услуги арх. бр. 0402-3/361 од 18.7.2023 година со времетраење од шест месеци, и тоа од 19.7.2023 до 31.12.2023 година. По истекот на договорот, истиот бил продолжен уште двапати под истите услови, и тоа со Анекс бр. 1 со арх. бр. 0402-3/602 од 27.12.2023 година и Анекс бр. 2 со арх. бр. 0402-3/140 од 16.6.2024 година. Ова резултирало со непрекинат ангажман на подносителот како пошторазнесувач во АД „Пошта на Северна Македонија"-Скопје, ЦРПС Подружница Велес во вкупно времетраење од осумнаесет месеци.

За времетраење на ангажманот, подносителот ги извршувал должностите на поштар и, според приложената документација од негова страна, за истото добил неколку писмени потврди и препораки за квалитетот на неговата работа, и тоа од Синдикат на полиција во Македонија, ООУ „Васил Главинов"-Велес и ОЈУДГ „Димче Мирчев"- Велес. Овие препораки укажуваат на конзистентна и задоволителна работа во текот на неговиот работен ангажман.

По истекот на вториот анекс, работодавачот одлучил да не го продолжи неговиот договор.

Во оваа насока, **член 32 од Уставот на Република Северна Македонија** предвидува дека секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат.

**Член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:

„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".

Забраната за дискриминација е предвидена и во **член 6 став 1 од Законот за работни односи**, кој гласи:

„Работодавачот не смее барателот на вработување или работникот, да го става во нееднаква положба заради расно или етничко потекло, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичко или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности".

Понатаму, во **член 7 став 4 точка 1 од Законот за работни односи** е наведено: „Дискриминацијата, во смисла на членот 6 од овој закон кај работодавачот, е забранета во однос на условите за вработување, вклучувајќи ги и критериумите и условите за избор на кандидати за вршење на определена работа".

Во контекст на цитираните одредби, директна дискриминација постои кога едно лице е третирано понеповолно од друго лице во споредлива ситуација, врз лична заштитна карактеристика како што е етничката припадност, и кога не постои објективно и разумно оправдување за таквиот третман.

Оттука, клучното прашање во конкретниот случај е дали подносителот на претставката бил третиран понеповолно во однос на друго лице во слична ситуација поради неговата ромска етничка припадност.

Комисијата првенствено утврди дека презентираните наводи од страна на подносителот поставуваат prima facie случај на директна дискриминација врз основа на етничка припадност. Член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација предвидува дека доколку Комисијата утврди дека тврдењето е веројатно, тогаш **товарот на докажување** преминува на лицето против кое е поднесена претставката, па бидејќи тврдењето за дискриминација во конкретниот случај беше сторено веројатно, товарот на докажување премина на лицата против кои е поднесена претставката.

Во овој контекст, работодавачот во своето произнесување не понуди објективно оправдување за своите постапки и не успеа да ја побие претпоставката за дискриминација.

Имено, на подносителот не му бил продолжен Договорот за услуги, и покрај квалитетното извршување на договорните обврски од негова страна, во контекст каде тој имал разумно очекување дека договорот ќе му биде повторно продолжен, потпирајќи се на претходните два анекси за продолжување.

Образложението кое беше дадено во писменото произнесување на претставката во однос на причините за непродолжување на договорот беше дека наводно имало поплаки за неговата работа и дека тој ги извршувал своите обврски неквалитетно. Сепак,

во своето произнесување не достави никакви писмени докази или формална документација како поткрепа на овие тврдења. Иако Комисијата го побара тоа со Барањето за информации, не беа доставени предупредувања, опомени, дисциплински мерки или било каков друг индикатор за неквалитетно извршување на договорните услуги. Директорката во својот одговор информира дека тој не бил писмено опоменуван заради тоа што не бил редовно вработен, меѓутоа Комисијата ваквото образложение го смета за неосновано. Дополнително, и покрај наводот на директорката дека укажувањата кои му биле упатувани биле, меѓу другото, засновани на реакција од претставници од ООУ „Васил Главинов"-Велес, подносителот меѓу доставените докази приложи и Препорака за извршување професионални должности *токму од* ООУ „Васил Главинов"-Велес. Земени во овој контекст, позитивните препораки кои подносителот ги прибавил од неколкуте институции директно го побиваат оправдувањето на директорката за непродолжување на неговиот договор поради наводниот лош квалитет на извршување на услугите.

Покрај тоа, подносителот тврди дека за време на неговиот работен ангажман бил подложен на дискриминаторски говор (како што има наведено, „циганска работа", „чергарски финти" итн.) и омаловажувања поврзани со неговата ромска етничка припадност. Исто така беа истакнати наводи дека среде топлотниот бран во текот на летото 2024 година подносителот бил приморан да разнесува пошта во периодот од 11-17 часот, во кој период Министерството за здравство препорачувало да не се престојува надвор подолго, понатаму бил усно задолжен да разнесува пошта во друг реон поради тоа што за тој реон немало работник и крајно, неговиот реон бил проширен на начин што ја вклучувал и индустриската зона во Велес која предвидувала потреба од моторно возило, кое не му било обезбедено, па работата морал да ја извршува пеш. Во произнесувањето на претставката не беа дадени

информации со кои би се оспориле ваквите наводи, ниту пак беше покажано дека биле преземени дејствија во насока на испитување на таквите тврдења, туку напротив, истите категорично беа негирани како невистинити, што дополнително ги јакне тврдењата на подносителот и укажува на непријателска работна средина.

Особено значајно е што по истекот на времетраењето на вториот анекс, неговото работно место било пополнето со пензионер, и покрај фактот што подносителот бил помлад, веќе имал искуство на позицијата и покажал компетентност во извршување на работните задачи. Ваквата одлука укажува на тоа дека работодавачот не ја базирал својата одлука врз реални потреби, туку наместо тоа го заменил подносителот со некој кој има помала веројатност да остане на позицијата долгорочно или да се интегрира во рамките на работната сила. Во отсуство на легитимна причина, ваквата одлука може да се протолкува како обид да се спречи подносителот да добие шанса за понатамошно стабилно вработување.

Сето ова укажува дека етничката припадност на подносителот била одлучувачки фактор во одлуката да не биде продолжен неговиот договор. Како таква, одлуката да не му биде продолжен договорот и тој да се замени со друго лице под дадените околности, претставува директна дискриминација врз основа на етничка припадност.

Однесувањето на работодавачот не само што го прекршува правото на подносителот на еднаков третман, туку исто така го поткопува основниот принцип на недискриминација во пристапот до вработување и унапредување на работното место.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот.

Оттука, согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**ПРЕПОРАКА**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија"-Скопје, ЦРПС Подружница Велес да му понуди Договор за работа на , со истите услови како и на останатите пошторазнесувачи кои се Македонци.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија"-Скопје, ЦРПС Подружница Велес да донесе Политика за недискриминација, со фокус на спречување на анти-циганизам во работната организација, да спроведе обука за вработените за запознавање со Политиката и понатаму истата доследно да ја спроведува.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија"-Скопје, ЦРПС Подружница Велес да ги преиспита постапките и практиките кон другиот Ром кој заедно со бил ангажиран со договор за услуги, бидејќи постојат индиции за дискриминација и кон тоа лице.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** и јавно да му се извинат на за понижувачкиот и деградирачки однос поради неговата расна и етничка припадност.

Доколку лицата не постапат согласно оваа препорака во рок од 30 дена од денот на прием на ова мислење, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите

надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- 
- АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија"-Скопје, ЦРПС Подружница Велес, ул. Благој Ѓорев бр. 1, 1400 Велес
- директорка на АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија"-Скопје, ЦРПС Подружница Велес, ул. Благој Ѓорев бр. 1, 1400 Велес
- , контролор на достава во АД за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија"-Скопје, ЦРПС Подружница Велес, ул. Благој Ѓорев бр. 1, 1400 Велес